**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**MUNICIPALITY OF GEVGELIJA**

**СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ**
**И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**Одделение за урбанизам, архитектура,**
**градежништво и заштита на животната средина**
**Бр. 11-4/7**
**06.07.2023год.**
**Гевгелија**

Врз основа на член 50 став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.32/2020) и член 62 од Статутот на Општина Гевгелија, Градоначалникот на општина Гевгелија го дава следното

# С О О П Ш Т Е Н И Е З А Ј А В Е Н П О В И К

Се известуваат физичките и правните лица од опфатот на Урбан Блок 15.11 општина Гевгелија, дека Градоначалникот на општина Гевгелија донесе Одлука за спроведување на

**Втора јавна презентација и јавна анкета**
**за Детален урбанистички план за Урбан Блок 15.11, општина Гевгелија**

Планскиот опфат на Детален Урбанистички план за Урбан Блок 15.11 во Гевгелија е ограничен со осовините на собирна улица "Новопланирана 1" – на север, сервисна улица "СЕ9"- на запад, и продолжува по западните граници на КП 405/2 и КП 405/1 до пресекот со границата на КП 5867 и се движи по северо-западната граница на КП 5867, 5863/1, 5863/2, 5857 и КП 5856/1, до пресекот со осовината на собирна улица "Новопланирана 1.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 1,62 ha.

**Втората јавна презентација** со стручно презентирање на планот ќе се одржи **во малата сала на Народниот театар во Гевгелија на ден 25.07.2023 година (вторник) со почеток во 11.00 часот.**

Деталниот урбанистички план ќе биде изложен во просториите на Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина при Општина Гевгелија и на веб страната на Општина Гевгелија www.gevgelija.gov.mk.

Втората јавна анкета ќе трае 10 работни дена и тоа од 25.07.2023г. до 08.08.2023г.

Во споменатиот рок заинтересираните граѓани и правни лица од подрачјето опфатено со планот, како и државните органи и други институции ке можат да ги доставуваат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

Градоначалник
на општина Гевгелија
***Андон Сарамандов***

Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika Makedonija
Tel/faks ++389 34 212 137, ++389 34 217 868
e-mail:gevgelijao@mt.net.mk
www.gevgelija.gov.mk